# совет за етика во медиумите на македонија

11.04.2016г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Зоран Фиданоски, за текстот со наслов "ФОТО: СДСМ сака закон за партиска цензура на медиумите", објавен на 16.03.2016 година, во 19 часот и 44 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk)**

***ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА***

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 16.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 21.03.2016 година, Зоран Фиданоски поднесе жалба за текстот со наслов "ФОТО: СДСМ сака закон за партиска цензура на медиумите", објавен на 16.03.2016 година, во 19 часот и 44 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk).

Фиданоски својата жалба ја насочува на дел од текстот во кој се вели "Така, новинарот Зоран Фидановски кој важи за близок до СДСМ, се уште на терен и пружа максимална поддршка на опозициската партија. Тој беше дел од протестите поддржани директно од Зоран Заев". "Фиданоски беше избран за член на Советот на Агенцијата, во јули 2014 – та година. Има мандат од 7 години. Сепак, очигледно е дека или не го прочитал етичкиот кодекс или свесно решил истиот да го прекршува. Овој новинар јавно дава поддршка на СДСМ иако тоа е забрането во описот на неговото работно место – пишува Курир". Во жалбата Фиданоски наведува дека текстот содржи инсинуации со кои директно се атакува неговата личност и се нарушуваат неговиот углед, чест и професионален интегритет, а како илустрација се користени и слики од личниот Фејсбук профил, на кои има и членови од неговото семејство, кои со тоа се изложени на атак врз нивниот интегритет. Како неточни информации кои се презентираат во текстот Фиданоски ги наведува следните наводи "иако е тоа забрането во описот на неговото место" и "или не го прочитал етичкиот кодекс или свесно решил истиот да го прекршува". Фиданоски вели дека на протестот бил присутен како граѓанин, користејќи го неговото уставно право јавно да протестира со нешто со кое не се согласува, а во конкретниот случај, со веќе донесената одлука од мнозинството на Уставниот суд со која претседателот на државата ќе може да аболира изборни криминалци, педофили и наркодилери.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Нетпрес, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Главиот и одговорен уредник на Нетпрес, Дејан Николовски, достави одговор на наводите на

жалителот. Во одговорот се вели дека текстот не е авторски на Нетпрес, туку е преземен од Интернет порталот Курир, што е и наведено. Николовски наведува дека Фиданоски, како член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, морал да има предвид дека никако не смеел да си дозволи учество на партиски митинг и протест, бидејќи, како што вели, „со таков чекор директно се дискредитира самиот како личност, ја дискредитира својата работа и институцијата во која работи, поточна ја партизира". Во продолжение на одговорот, главниот и одговорен уредник на Нетпрес вели дека учеството на Фиданоски на протест на опозицијата ја доведува директно во прашање професионалноста при извршувањето на неговата работа како член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, според што, водејќи се од ова, Нетпрес одлучил да го преземе текстот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 30.03.2016 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Зоран Фиданоски, одговорот од Нетпрес и направи увид во наведениот текст.

***

При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:

**Чл. 21 од Уставот на РМ**

Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

**Чл. 7 од Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените нема да ја користат својата професионална позиција во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да ги

промовираат интересите на која било политичка партија и група која промовира интереси/активности на која било политичка партија.

Членовите на Советот, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените во стручната служба на Агенцијата, за време на вршење на функцијата односно за време на извршувањето на работните обврски, не можат да извршуваат партиски должности во органите на политичката партија.

Членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменикот на директорот на Агенцијата, како и вработените, во текот на целиот период за кој се избрани, односно за цело време додека имаат засновано работен однос во Агенцијата, нема да вршат политички активности кои можат да ја доведат во прашање способноста за непристрасно извршување на службените должности, односно должностите ќе се вршат на политички неутрален начин.

Комисијата за жалби го зеде предвид и правото на секој да излезе на протест, како универзално право и притоа оцени дека не станува збор за партиска активност.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов "ФОТО: СДСМ сака закон за партиска цензура на медиумите", објавен на 16.03.2016 година, во 19 часот и 44 минути, на Интернет порталот Нетпрес, прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата, исто така, констатираше дека е прекршен член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Понатаму, Комисијата за жалби најде дека е прекршен и член 16, според кој новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Комисијата за жалби смета дека во конкретниот случај прекршувањето на Кодексот на новинарите на Македонија е поизразено, бидејќи Нетпрес направил уредничка проценка да се објави текстот. Со оглед на тоа што станува збор за преземен текст, Комисијата за жалби смета дека Интернет порталот Нетпрес, пред да го објави спорниот текст, требало да ги провери фактите и да ја консултира втората страна.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Netpress.com.mk во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски